Од: Г-дин Ратко Капушевски,
основач и управител на РКМ ДОО Скопје

До: Г-ѓа Снежана Лупевска,
продуцент на емисјата „КОД“

Почитувана Г-ѓа Снежана Лупевска,
Во однос на Вашата емисија КОД одржана на Телма телевизија на ден 22 јануари Ви испраќам ДЕМАНТ.
Покрај правната постапка за јавно извинување од мојот адвокат согласно правни уредби во државата, Ви испраќам АВТОРИЗИРАНА ИЗЈАВА:
Вашите обиди да ме оцрните и дискредитирате како личност и бизнисмен во моите актуелни делувања како и моето минато траат повеќе години. Јас лично Ве ценам како новинар Вам и малкумина, но веќе станувам убеден дека покрај Вас лично имате и налогодавач кој не знам од кои причини, а вршам проценки и претпоставки, ги продуцирате лагите и клеветите злоупотребувајќи го медиумот. Целосно ги демантирам и барам да ми се извините јавно, во спротивно ќе покренам судски процес против Вас кои нема финансики да го оштети вашиот налогодавач, а јас пак средствата ќе ги донирам во верски и хуманитарни организации.
- Со емисии од ваков тип продуцирате енергија дополнително на народ да не му се живее во сопствената држава и да не гледа иднина тука, па сега ќе вршиме деманти поради Ваши и на Вашиот налогодавач хирови. Ако Вам животот Ви е конфорен на многумина не е, не им го доотежнувајте животот. Придонесете со нешто добро како дел луѓе што гледаат да помогнат во прилог на основни јавни општествени добра како мојата компанија, а јас лично целиот живот сум се занимавал. Работев активно во културата и спортот за што не можете да ме оцрните, а денес кога круцијално помагам со сета моја генерација во енергетиката напразно Ви се шпекулациите. Многумина се обиделе, но вистината е како шило секогаш избива на површина г-ѓо Лупевска и фактите говорат за истото.
- Кажавте дека имало јавен повик- тендер кој бил штелуван за мене, а доколку не се извините, на суд ќе Ви докажам дека повеќе лиценцирани нафтени компании ги исполнуваат условите кои беа барани за учество на тендерот за снабдување на електраните;
- Кажавте дека невозможно било ГОЛЕМИТЕ нафтени компании да се пријават дека снабдувањето било невозможно, па сакам да Ви посочам дека е возможно бидејќи го работиме истото во 3 држави и се спроведува, па затоа барам да ми се извините бидејќи покрај граѓанска постапка ќе добиете и кривична пријава, бидејќи нанесувате моја лична штета со умисла емитувајќи ме по 4-ти пат со лаги и клевети;
- Кажавте дека е невозможно да се испорачуваат по 60 автоцистерни на ден, па еве да ми се извините дека е возможно, а дополнително да ми кажете браво дека мојата сканадлозна фирма како што Вие само ја нарекувате, испорачува по 80-90 автоцистерни на ден врз основа на кои Вие денес имате струја да одржувате лична хигиена, како и да имате емисија која ја ценев;

- Ние не возиме автоцистерни, ниту сме производител, туку сме нафтена компанија која се занимава со трговија на енергенси и од наша страна се ангажирани 32 транспортни компании кои го вршат превозот од нашата земја и од држави од соседството.
- Да ми се извините на мене лично како и на моите вработени кои макотрпно работат во мојата фирма на која и го нарушувате угледот;
- Ме нарекувате скандалозна фирма, а за фирмата само Вие ширите лаги и невистини. Во однос на институции во Хрватска, освен што прикажувате камион со музика од хорор филм, јас жалам што ние како фирма не можеме да бидеме фактор на влијание на институции и контроли во Австрија, Германија, Грција, Бугарија. Ние ниту сме шверцери, ниту производители. Ние сме трговец на нафтени деривати кој купува согласно сигурносен технички лист и сертификат за квалитет кој темелно го анализираме пред да купиме. Испраќачите од Европска унија имаат свои контроли и царини кои конструираат извозна декларација со тарифен код согласно купениот дериват. Увозот се врши врз основа на истите документи, а над 15.000 увозни декларации преку автоцистерни кои сме ги реализирале во нашата земја сме имале и ќе имаме секојдневни контроли од царината и пазарниот инспекторат, а акредитирани лабаратории вршат контрола каде сме биле исправни во 99,9% од случаите. Се она што не било согласно правилникот за увоз на нафтени деривати е вратено кон испраќачот, а тоа се многу малку случаи кои се бројат едвај на една рака. Појави од ваков тип имале буквално сите лиценцирани нафтени компании на пазарот кои се занимаваат и со големопродажба и со малопродажба во нашата држава. Да се извините дека ги мамиме нашите купувачи со отпадно масло наместо Мазут. Покрај државните контроли нашите купувачи вршат контрола на секоја испорака.
- Да ми се извините јавно пред целата јавност која Ве гледа, бидејќи имам смејство кои се интелектуалци, кое очигледно е дека не го почитувате. Во однос на бонитетот на фирмата очигледно за Вас не е нормално фирма која е оперативна 5-та година да се развива со прогрес и активна динамика и да е присутна со пласман во Србија, Босна и Херцеговина и во нашата држава. Очигледно Вам и Вашиот налогодавач не Ви е јасно како е да се создаде фирма од 0 и секојденвно и секоја година да има прогрес. Живеам половина година по патишта со цел да се развие компанијата, остваруваме контакти и во регионот и Европа со цел да обезбедиме количини и снабдување во услови на најголемата светска енергетска криза, со која многу поголеми држави не можат да се носат.
- Банкарската гаранција ми е издадена согласно законски уредби од Народна банка на Р.С.Македонија. Ако не сте информирани согласно приходот кој секоја компанија го имала минатата година има основ да се изложи 60% за банкарска гаранција. Па мојот приход од 8,5 милиони евра ми дава законска можност секоја од банките да ми издаде гаранција. Јавно да се извините за овие небулози и клевети, бидејќи на целата бизнис заедница и банкарски сектор му ставате акцент на самоуништување, а паралелно и си ја дискредитирате емисијата.
- Мојот партнер Вам ако Ви е непознат мене ми е долги години познат и успешно ја води својата компанија и барам и нему да му се извините;
- Барам покрај на мојата фирма да се извините и на целата јавност, бидејќи во услови на најголемата светска енергетска криза успеавме да обебедиме 2 пати месечно бродски транспорт танкери кога мазутот е основен супститут за производство на струја и се користи секаде во Европа, а е ДЕФИЦИТАРЕН и едвај се снаоѓаме да го обезбедиме.

RKM
ENERGY PROVIDER

Заради нашето работење се штедат милионски суми за набавка на гас и набавка на струја и е стабилно снабдувањето со електрична енергија за сите семејства и целокупното стопанство кое Ви плаќа маркетинг за да одржувате емисија и Вие да имате струја во телевизија за КОД, а граѓаните да Ве гледаат. Паралелно ќе потенцирам и Вие како новинар уживате општествени добра и општи услови за живот и вашето семејство да водите лична хигиена. Ќе бидам малку и циничен на извинување на јавноста, овозможуваме производство на електрична енергија да имате услови да одите на фризер со цел да сте претставителна на телевизија.

- Ова покрај демант доколку јавно не ми се извините лично на мене како човек, на моите вработени, на мојата фирма, на моите надворешни соработници и на целата јавност што Ве гледа денес благодарение на електричната енергија која денес е дел од најголемата енергетска криза во светот заради војната во Украина ќе поднесам граѓанска тужба како и кривична пријава со умисла поради Вашето 4то објавување на невистини, лаги и клевети.

- Во една од минатите емисии Ви испратив само електронска пошта да се едуцирате за енергенсот од технолошко производствен аспект и што претставува дериватот мазут пред да зборувате невистини во јавноста. За крај се извинуваме во Ваше лично име што го одвлекувавте вниманието на јавноста со клевети поради Вашиот налогодавач, а ние бевме дел од истото, бидејќи храбро и од патриотски причини решивме да ги дадеме сите наши капацитети и потенцијали, како и да се сносиме со сите потенцијални ризици кога многу држави немаат електрична енергија, Ние придонесовме Нашата држава да има стабилно енергетско призводство на струја.

Да сте живи и здрави

Со почит,

- Ратко Капушевски
  РКМ ДОО Скопје